**Министерство за транспорт и врски**

# ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Име на материјалот:** Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за градење

**Усогласеност со Програмата на Владата:** Да

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:** Да

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:** На првата наредна седница

**Доверливост на материјалот:** Не

**Итност на материјалот: Да**

.

**Дата на доставување на материјалот:**

мај, 2013 година

**Министер за транспорт и врски,**

**Миле Јанакиески**

Република Македонија

Министерство за транспорт и врски

Предлог на
Закон за изменување и дополнување на Законот за градење

Скопје, мај 2013 година

**1.Осврт по материјалот:**

Со Предлогот на законот се уредува прашањето за начинот на отстранување на објектите кои не се оштетени или не постои опасност за нивно уривање, дека може да се отстранат објектите по добивање на одобрение за отстранување издадено од надлежниот орган за издавање на одобрение за градење од членот 58 на овој закон, како и регулирање на постапката за издавање на одобрение за отстранување на објектите

Исто така, се дополнува и одредбата на член 100-а заради прецизирање дека со отстранувањето и на овие објекти престанува правото на сопственост на истите чие запишување е утврдено со закон.

Со предложените измени се утврдуваат и глоби за одговорните лица на јавните институции доколку не постаптат согласно член 170 на Законот за градење (непречен пристап на лица со инвалидност) и за сопствениците на објекти доколку пристапат кон отстранување на објекти без добиено одобрение за нивно отстранување.

**2. Разгледани можни решенија (за-против аргументи):**

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:**

Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за градење е доставен на мислење на Секретаријатот за законодавство.

**4. Решение кое се препорачува (со образложение):**

Се препорачува Владата да го разгледа и утврди текстот на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за градење и истиот да го достави до Собранието на Република Македонија да се донесе по итна постапка.

**5. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:**

Нема

**6. Очекувани влијанија:**

**7. Усогласеност со европското законодавство (кои директиви на ЕУ се транспонираат во нашето законодавство):**

Нема

**8. Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:**

**9. Клучни елементи за информирање на јавноста:**

Текстот на предлогот на законот ќе биде објавен на ВЕБ страната на Министерството за транспорот и врски.

## ФОРМУЛАР ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИ ИМПЛИКАЦИИ

| | |
|---|---|
| 1. Назив на предлогот:<br><br>Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за градење | 2. Министерство/Орган на државната управа:<br><br>Министерство за транспорт и врски |
| 3. Цел на предлогот:<br>Да се дорегулираат одредени прашања кои не се уредени со законот | 4. Вид на предлогот:<br>Предлог на Закон за изменување и дополнување |
| 5. Контакт лице и звање:<br>Лилјана Поповиќ, Раководител на сектор | 6. Контакт телефон/факс или е-пошта:3145-410 |
| 7. Активност: | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. Вид на барање: | ( ) | Регулатива во врска со ЕУ | ( ) | Нова програма | ( ) | Прераспределба (на средства) помеѓу две програми |
| | ( ) | Друга нова регулатива | ( ) | Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) | Спојување на две или повеќе програми |

9. Цел на барањето/предложена активност:

10. Врска со Владината програма:

| 11. Фискални импликации | (Во МКД) 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Г. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Ѓ. Нето импликации на средствата на органот: (В-Г)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Е. Зголемување/намалување на приходите | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ж. Дополнителни извори на финансирање или смалување на трошоците | | | | |
| Извор: ____________ | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. Нето зголемување/намалување на вработени во врска со предлогот | | | | |
| 13. Какви гаранции заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11А до 11Е) | | | | |

| | |
|---|---|
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение: | |
| 15. Дата на завршување на проценката: | |
| 16. Дата на поднесувањето на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | |
| 18. Измени побрани од Министерството за финансии: | |
| 19. Одговор на Министерството – Предлагач: | |
| 20. Одговор од Министерството за финансии: | |
| 21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | |

22. Одобрено/Дата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| ------------------------------------- | Датум: ден/месец/година | ------------------------------------- | Датум: ден/месец/година |
| Потпис на државен секретар/ Директор на државен орган | 07.05.2013 | Потпис на Министер | 07.05 .2013 |

# В О В Е Д

## I ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДАТ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за градење се пропишани одредби за начинот и постапката за отстранување на објектите кои се склони на паѓање, а не е пропишан начинот на отстарнување на објектите кои не се склони на паѓање меѓутоа сопствениците на вакви објекти имаат потреба да ги отстранат односно срушат.

Со предложение измени на законот се уредува прашањето за начинот на отстранување на објектите кои не се оштетени или не постои опасност за нивно уривање дека ваквите објекти може да се отстранат по добивање на одобрение за отстранување, издадено од надлежниот орган од членот 58 на овој закон како и постапката за издавање на одобрение за отстранување на објектите

Исто така, потребно е да се дополни и одредбата на член 100-а заради прецизирање дека со отстранувањето и на овие објекти престанува правото на сопственост чие запишување е утврдено со закон.

Со измените и дополнувањата на Законот се предлга и пропишување на глоби за правните лица – проектанти и изведувачи доколку проектираат и градат градби спротивно на член 11 став 1 од Законот за градење, за одговорните лица на јавните институции кои нема да постапат согласно обврските утврдени во членот 170 на Законот, а кои се однесуваат за исполнување на условите и роковите за непречен пристап на лица со инвалидност) како и глоби за сопственици на објекти доколку пристапат кон отстранување на објект без добиено одобрение за отстранување.

## II ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на изменувањата и дополнувањата на законот е да се уреди прашањето за начинот на отстранување на објектите кои не се оштетени или не постои опасност за нивно уривање, дека може да се отстранат објектите по добивање на одобрение за отстранување издадено од надлежниот орган за издавање на одобрение за градење од членот 58 на овој закон. Исто така, во овој член е пропишана и постапката за издавање на одобрение за отстранување на објектите

Со Предлогот на законот се пропишуваат и глоби за субјектите кои не постапуваат соглсно обврските пропишани во Законот а кои се однесуваат за исполнување на условите и роковите за непречен пристап на лица со инвалидност и доколку се пристапи кон отстранување на објект без добиено одобрение за отстранување.

## III ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Одедбите од предлогот на Законот имплицираат финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија и другите јавни финансиски средства но истите не можат да се утврдат прецизно се до донесувањето на листата на објекти со јавна намена која треба да ја донесе Владата на Република Македонија.

## IV ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на Законот не е потребно обезбедување на посебни финансиски средства, ниту предложените измени и дополнувања од Законот повлекуваат материјални обврски за одделни субјекти.

## V ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ПО ИТНА ПОСТАПКА

Се предлага Собранието на Република Македонија да го донесе законот согласно член 167 од Деловникот на Собранието на Република Македонија по итна постапка, поради неодложни потреби на предложените измени и дополнувања на законот со кои се регулираат прашањата за начинот и постапката на отстранување на изградени објекти.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

# Предлог на Закон за изменување и дополнување

# на Законот за градење

Мај, 2013

# Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за градење

Член 1

Во Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11 , 13/12, 144/12 и 25/13) по член 99 се додава нов член 99 –а кој гласи:

„Член 99-а

(1) Изграден објект кој не е оштетен или не постои опасност за негово уривање, сопственикот може да го отстрани по добивање на правосилно одобрение за отстранување на објект, издадено од надлежниот орган за издавање на одобрение за градење од членот 58 на овој закон.

(2) Кон барањето за одобрение за отстранување на објект се доставува:

- доказ за сопственост на објектот и
- проект за отстранување на објект или негов дел.

(3) Постапката за издавање на одобрение за отстранување се спроведува согласно со Законот за општата управна постапка.

(4) Против одобрението за отстранување издадено од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, а против одобрението за отстранување издадено од градоначалникот на општината, односно градоначалниците на општините во градот Скопје, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

(5) При отстранувањето на објектот сопственикот е должен да постави заштитна ограда и ознаки за отстранување на објектот согласно прописот од член 99 став (12) на овој закон.”

Член 2

Во членот 100-а став (1) по зборовите „ членот 99“ се додаваат зборовите „и членот 99-а“.

Член 3

По членот 152 се додава нов член 152-а кој гласи:

„Член 152-а

(1) Глоба во износ од 15.000 до 21.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице за проектирање на градби доколку градбата не е проектирана согласно член 11 став (1) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 6.000 до 12.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од став (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.“

Член 4

По член 153 се додава нов член 153-а кој гласи:

„Член 153-а

(1) Глоба во износ од 9.000 до 15.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на проектант доколку градбата не е проектирана согласно член 11 став (1) од овој закон.

Член 5

По член 154 се додава нов член 154-а кој гласи:

„Член 154-а

(1) Глоба во износ од 15.000 до 21.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице за вршење на ревизија на проектна документација ако ревидентот при вршењето на ревизија заверил проект кој не е изработен согласно член 11 став (1) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 6.000 до 12.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од став (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.“

Член 6

По член 155 се додава нов член 155-а кој гласи:

„Член 155-а

(1) Глоба во износ од 9.000 до 15.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на ревидент доколку

при вршењето на ревизија заверил проект кој не е изработен согласно член 11 став (1) од овој закон.

Член 7

По член 156-г се додава нов член 156-ѓ кој гласи:

„Член 156-ѓ

(1) Глоба во износ од 15.000 до 17.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице изведувач ако градбата ја изведува спротивно на ревидираниот основен проект изработен согласно член 11 став (1) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 9.000 до 11.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од став (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.“

Член 8

По член 162 се додаваат два нови члена 162-а и 162-б кои гласат:

„ Член 162-а

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице сопственик на објект, ако отстрани изграден објект без одобрние за отстранување (член 99-а од овој закон).

(2) Глоба во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска проттивввредност ќе му се изрече на физичко лице сопственик на објект за прекршокот од ставот (1) на овој член.

Член 162-б

Глоба во износ од 7.000 до 15.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице-сопственик на објект со јавна намена, доколку не постапи согласно член 170 од овој закон.”

Член 9

Во членот 163 по ставот (8) се додава нов став (9) кој гласи:

(9) Глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице и службеното лице во органот надлежен за издавање на одобрение за градење ако издаде одобрение за градење врз основа на изработен основен проект спротивно на член 11 став (1) од овој закон.“

Член 10

Во членот 164 по ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

(2) „Барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд може да поднесе и лице со инвалидност доколку утврди дека изграден објект со јавна намена не ги исполнува условите за непречен пристап на лица со инвалидност пропишани со овој закон.

Член 11

Во членот 170 зборовите „Изградените објекти со јавна и деловна намена, треба да ги исполнат условите за непречен пристап на лица со инвалидност пропишани со овој закон, во рок од четири години од денот на влегувањето во сила на овој закон" се заменуваат со зборовите „Сопствениците на изградените објекти со јавна и деловна намена, се должни да ги исполнат условите за непречен пристап на лица со инвалидност пропишани со овој закон, најдоцна до 1 септември 2015 година."

Член 12

Владата на Република Македонија во рок од триесет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе изготви листа на изградени објекти со јавна намена кои треба во рокот од член 170 на овој Закон да ги исполнат условите за непречен пристап на лица со инвалидност со овој закон."

Член 13

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

## I ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Со измените и дополнувањата на законот се уредува прашањето дека во случаите кога сопственици на изградени објекти кои не се оштетени или не постои опасност од уривање на објектите, може да ги отстранат објектите по добивање на одобрение за отстранување издадено од надлежниот орган за издавање на одобрение за градење од членот 58 на овој закон. Исто така, во овој член е пропишана и постапката за издавање на одобрение за отстранување на објектите.

Со членот 2 се дополнува одредбата на член 100-а заради прецизирање дека со отстранувањето и на овие објекти престанува правото на сопственост чие запишување е утврдено со закон.

Со предложените измени во член 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од Предлогот на законот се утврдуваат глоби за субјектите кои не постапуваат соглсно обврските пропишани во членот 11 став 1 од Законот за градење, кои се однесуваат за исполнување на условите за непречен пристап на лица со инвалидност.

Со предложениот член 9 од Предлогот се пропишуваат глоби за правните и физичките лица доколку пристапат кон отстранување на објект без добиено одобрение за отстранување.

Исто така, со предлогот на законот се пропишуваат глоби и за одговорните лица – сопственици на објекти со јавна намена доколку не постапат согласно член 17о од законот односно до 1 септември 2015 година нивните објекти не ги исполнат условите за непречен пристап на лица со инвалидност. Предлогот на законот дава можност на лице со инвалидност доколку утврди дека изграден објект со јавна намена не ги исполнува условите за непречен пристап на лица со инвалидност пропишани со овој закон, да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

## II МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија практично претставуваат изменување, дополнување и доразработка на постојните одредби од Законот со цел да се овозможи отстранување на утврдени пропусти и

недоречености, доуредување на одредбите од законот како и дополнување на одредби со предвидени прекршоци..

## III ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се отстранат одредени недоречености и неппрецизности на оние одредби од законот кои се предмет на изменување и дополнување на овој закон.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 99

(1) Отстранување на објект или негов дел се врши во случај на оштетување на објектот ако постои опасност за негово уривање.

(2) Сопственикот на објектот е должен и да преземе итни мерки за отстранување на објектот односно да го означи објектот како опасен со соодветни ознаки, да постави заштитна ограда до отстранувањето на опасноста и да поднесе барање за добивање на одобрение за отстранување до надлежниот орган од членот 58 на овој закон.

(1) Ако сопственикот на објектот не ги изврши работите од ставот (2) на овој член тоа ќе го изврши надлежниот орган од членот 58 на овој закон.

(2) Кон барањето за одобрение за отстранување се доставува:

- доказ за сопственост на објектот и
- проект за отстранување на објект или негов дел.

(3) Постапката за издавање на одобрение за отстранување се спроведува согласно со Законот за општата управна постапка.

(4) Надлежниот орган од ставот (2) на овој член по службена должност прибавува согласност или мислење од други органи за условите за оцена и отстранување на објектот, кои се должни најдоцна во рок од седум работни дена од денот на приемот на барањето да ја достават согласноста или мислењето, односно да го одбијат или отфрлат барањето за издавање на согласност, во спротивно ќе се смета дека дале согласност, односно позитивно мислење.

(5) Отстранување на објект се врши по добивање на одобрение за отстранување издадено од надлежниот орган од членот 58 на овој закон за градби од прва и втора категорија од членот 57 на овој закон.

(6) По исклучок од ставот (7) на овој член, без одобрение за отстранување можат да се отстранат градбите од членот 73 на овој закон.

(7) Ако сопственикот на објектот не постапи согласно со одобрението за отстранување, отстранувањето ќе го изврши надлежниот орган од членот 58 на овој закон, на трошок на сопственикот на објектот.

(8) Барање за издавање на одобрение за отстранување на објект или негов дел можат да поднесат и други заинтересирани лица. Надлежниот орган е должен да утврди дали барањето е основано и доколку истото е основано, писмено го известува сопственикот на објектот за започнување на постапка за отстранување во рок од најмногу 30 дена. Доколку сопственикот на објектот не поднесе барање за добивање на одобрение за отстранување, надлежниот орган ќе донесе одобрение за отстранување и отстранувањето ќе го изврши на трошок на сопственикот на објектот.

(9) Против одобрението за отстранување издадено од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен а против одобрението за отстранување издадено од градоначалникот на општината, односно градоначалниците на општините во градот Скопје, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до министерот кој

раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.
(10) Начинот и постапката за означување на објектот, поставување на заштитна ограда, видот на ознаките и отстранување на објектот ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Член 100 – а

(1) Со отстранување на објект или на негов дел согласно со членот 99 од овој закон, престанува правото на сопственост, подоблиците на правото на сопственост (сосопственост и заедничка сопственост), другите стварни права, како и други права и факти чие запишување е утврдено со закон.

(2) На барање на надлежниот орган од членот 58 од овој закон, кон кое се приложува правосилно одобрение за отстранување на објект или негов дел и геодетски елаборат за запишување на промена во јавната книга за запишување на правата на недвижности, органот надлежен за водење на јавната книга за запишување на правата на недвижностите, ќе ги избрише запишаните права од ставот (1) на овој член од катастарот на недвижности.

Член 152

(1) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице за проектирање на градби, ако:
1) врши работи на проектирање без лиценца за проектирање (член 16 став (1));
2) вработи како проектант странско физичко лице без потврдено овластување од комората (член 42 став (4)) и
3) проектантот изработил проект спротивно на законските прописи.
(2) Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

Член 153

Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на проектант, ако:
1) изработил проект без овластување за проектирање (член 17 став (1)) и
2) изработил проект спротивно на законските прописи.

Член 154

(1) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице за вршење на ревизија на проектна документација, ако:
1) врши ревизија на проекти без да има лиценца за вршење на ревизија на проектна документација (член 23 став (1));
2) вработи како ревидент странско физичко лице без потврдено овластување од Комората (член 42 став (4)) и
3) ревидентот извршил ревизија спротивно на законските прописи.
(2) Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

Член 155

Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на ревидент, ако:

1) извршил ревизија без да има овластување за ревизија на проектна документација (член 24 став (1));

2) извршил ревизија на проектна документација, изработена од правното лице во кое е вработен (член 20 став (3)) и

3) извршил ревизија спротивно на законските прописи.

Член 156

(1) Глоба во износ од 7.000 до 9.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице изведувач, ако:

1) изведува градби без соодветна лиценца за изведувач (член 26 став (1));

2) не гради во согласност со одобрението за градење, ревидираниот основен и изведбениот проект (член 29 став (1) алинеја 2);

3) не обезбеди докази за пропишан квалитет за вградените градежни производи (член 29 став (1) алинеја 4);

4) на градилиштето не спроведува мерки за заштита и сигурност согласно со закон (член 29 став (1) алинеја 5);

5) не определи инженер за изведба на градилиштето (член 30);

6) не обезбеди обележување на проектираната градба на терен (член 82);

7) не го загради односно не го заштити градилиштето (член 83 ставови (1) и (2));

8) вработи како инженер за изведба странско физичко лице без потврдено овластување од Комората (член 42 став (4)).

(2) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

Член 156-г

Глоба во износ од 7.000 до 9.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на инженер за изведба ако при изведување на градби не обезбеди докази за потекло на градежно-техничкиот камен, градежниот песок и чакал (член 29 став (1) алинеја 6).

Член 162

(3) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице сопственик на објект, ако не постапи согласно со членот 171 на овој закон.

(4) Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска проттиввредност ќе му се изрече на физичко лице сопственик на објект за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(5) Во случаите од ставот (2) на овој член надлежен орган за спроведување на прекршочната постапка е комисија за прекршоци формирана од министерот кој ра-
ководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот.

Член 163

(1) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице и службеното лице во органот надлежен за издавање на одобрение за градење, ако не издаде одобрение за градење во рокот определен во членот 59 став (13) на овој закон или издаде одобрение спротивно на овој закон.

(2) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице и службеното лице во органот надлежен за издавање на одобрение за градење, ако не постапат согласно со членот 146 став (2) од овој закон.

(3) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на надлежен градежен инспектор ако не ги врши работите на инспекциски надзор определени со овој закон.

(4) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице и на надлежениот градежен инспектор ако не постапат согласно со членот 142 од овој закон.

(5) Глоба во износ од 3000 до 5000 евра во денарска проттиврредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице и службеното лице во единицата на локална самоуправа, како и во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, ако во постапката за издавање на одобрение за градење постапат спротивно на членот 59 став (16) од овој закон и ако издадат одобрение за градење со форма и содржина која не во согласност со формата и содржината пропишана согласно со членот 62 став (5) од о вој закон.

(6) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска проттиврредност ќе му се изрече за прекршок на функционерот кој раководи со органот, односно раководното лице на органот кој постапува по барањето за одобрение за градење доколку не постапат согласно со членот 59-ѓ од овој закон.

(7) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице и службеното лице во единицата на локална самоуправа доколку не постапат согласно со членот 92-а став (3) од овој закон.

(8) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице и службеното лице во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот доколку не постапат согласно со членот 96 став (2) од овој закон односно на одговорното лице и службеното лице на единицата на локална самоуправа доколку не постапат согласно со членот 96 став (3) од овој закон.

Член 164

Кога надлежните инспектори од членот 128 на овој закон, односно органот надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, ќе утврдат дека е сторен прекршок предвиден со овој закон ќе поднесат барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

Член 170

Изградените објекти со јавна и деловна намена, треба да ги исполнат условите за непречен пристап на лица со инвалидност пропишани со овој закон, во рок од четири години од денот на влегувањето во сила на овој закон, а скалиштата во надворешниот простор наменети за јавна употреба, во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон

**Образец бр.1**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за градење |
| Министерство: | Министерство за транспорт и врски |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Лилјана Поповиќ<br>3 145 410 |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | мај 2013 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | нема |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1. Кои се главните проблеми?

Со членот 1 од предлогот на Законот се пропишуваат начинот и условите под кои може да се отстарни изграден објект кој не е оштетен или не постои опасност за негово уривање. Исто така со предложените измени за законот се предлага одредба со која се пропишува рокот во кој сопствениците на изгадени објекти со јавна и деловна намена треба да ги исполнат условите за непречен пристап, движење, престој и работа на лицата со инвалидност до и во објектот пропишани со овој закон, како и глоба за сопствениците на објектите со јавна намена доколку не ги исполнат пропишаните услови до 01 септември 2015 година.

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки на закони би можеле да се разгледаат?

Измените и дополнувања на законот ќе овозможат да се отстранат воочените пропусти и недоречености на одредбите од законот кои треба да се изменат и дополнат.

Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?
Државни органи  и институции и општини.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

Изнесени се предлози и сугестии од страна на правни лица – учесници во градењето на објектите и констатирани се одредени проблеми во практичното негово спроведување од страна на државните органи.

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

   Нема дополнителни информации.

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

Иницијална проценка на влијанието на регулативата.

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

   Не.

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**
(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

В. Временска рамка

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

   Активностите  започнаа во април  2013 година.

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

   Нема потреба од вклучување на надворешни консултанти.

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?
   Во  мај 2013 година

<u>Г. Ресурси</u>

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?

**Наслов на предлог законот:**
Предлог на Закон за изменување и дополнување на
Законот за градење.

**Министерство / Лице за контакт/одговорно лице:**
Министерство за транспорт и врски, Лилјана Поповиќ тел. 3 145 410

**Очекуван датум за усвојување на предлог законот:**
мај  2013 година

**Поврзаност со ЕУ директиви**
*Нема*

**<u>Образец бр. 2</u>**

## Иницијална проценка на влијание на регулативата

### Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

1. **Опис на проблемите**

Една од основните причини за изменување и дополнување на Законот за градење е што во постојниот Закон не е регулирано прашањето на отстранување на изграден објект кој не е оштетен или за кој не постои опасност за негово уривање и дополнување на одредбите кои го уредуваат прашањето за отстранување на изграден објект кој не е оштетен или не постои опасност за негово уривање.

2. **Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

Со предложените измени и дополнувања на законот целосно се уредуваат начинот и условите за отстранување на изграден објект кој не е оштетен или не постои опасност за негово уривање. Согласно предложеното решение сосптвеникот за да може да отстрани ваков објект потребно е да прибави одобрение за негово отстранување издадено издадено од надлежен орган. Со предложената одредба пропишани се и доказите кои треба сопственикот на објектот да ги приложи кон барањето за издавање на одобрение за отстранување на објектот. Исто така, со предложените измени пропишан е рокот со кој соствениците на изградени објекти со јавна и деловна намена се задолжуваат да ги исполнат условите за непречен пристап, движење, престој и работа до и во објектот пропишани со овој закон, како и глоби за непочитувањето на овој рок за сопствениците на објектите за јавна намена.

**Идентификација на можни решенија (опции)**

Опција 1:

### Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија
**Предложено решение (опција):**
**Опис:**

Со Предлогот на законот не се идентификувани трошоци.

1. **Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да

обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.

ДА, со предвиденото решение во Законот пропишан е начинот и постапката за добивање на одобрение за отстранување на објектот кој не е оштетен или не постои опасност за негово уривање.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ

**2. Придобивки**

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни
- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

**3. Ризици и претпоставки**

**4. Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| **Влијание врз правата на граѓаните** | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

Чекор 3: Консултации
Законот е даден на мислење на Секретаријат за законодавство

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**
2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**
3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | НЕ<br><br><br><br><br>Секретаријат за законодавство |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | ДА |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | Вградено |

**Изјава од министерот**

Јас, *име и презиме на министерот,* изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:
........................................................................... Датум: